TIKVEŠ
SINCE 1885

Веруваме дека луѓето се клучен фактор за врвни достигнувања и за успехот на една компанија. Успешната приказна за нашата компанија ја градиме со децении, континуирано вложувајќи во технологија, производство, развој и унапредување на човечките ресурси.

Денес винарската визба „Тиквеш" ја создава приказната за македонското вино во светот, прераснувајќи во клучен двигател на македонската индустрија за вино. Со цел да ја продолжиме оваа мисија, потребни ни се луѓе кои ја делат нашата посветеност и страст.

- Доколку сакате да придонесете за понатамошниот развој на еден од најиновативните и најперспективните вински брендови
- Доколку не можете да одолеете на приказната за виното и подготвени сте да бидете дел од една од највозбудливите индустрии за пијалаци
- Доколку сакате својот понатамошен професионален развој да го градите во динамична средина, исполнета со интересни предизвици

... придружете се на нашиот тим и аплицирајте за отворената работна позиција:

## СОРАБОТНИК ЗА КОРПОРАТИВНИ КОМУНИКАЦИИ
-Скопје-

**Потребни квалификации:**
- Високо образование
- Одлично познавање на англиски јазик
- Одлично познавање на Microsoft Office
- Возачка дозвола Б категорија

**Профил на кандидатот:**
- Фокусираност кон резултати
- Професионалност и деловна култура
- Самоиницијативност и флексибилност, способност за тимско и индивидуално работење
- Поседување на амбиција и желба за усовршување на личните знаења и вештини
- Организираност и посветеност на детали
- Одлични комуникациски и организациски способности

**Клучни одговорности:**
- Спроведува корпоративни кампањи и план за комуникации во земјата, регионот и интернационални пазари
- Учествува во развивање и спроведување на стратегии за корпоративни комуникации
- Се грижи пораките и информациите кои излегуваат во јавноста да бидат јасно претставени и во согласност со целите на стратегијата за комуникации со јавноста
- Учествува во организацијата и реализирањето на корпоративни настани и прес-конференции
- Ја организира, координира и контролира работата на надворешните агенции и соработници за односи со јавност
- Координира иницијативи со други сектори во компанијата и воедно претставува комуникациска поддршка на сите нив
- Воспоставува надворешни релации и ефективна комуникација со институции, организации и други компании во согласност со потребите на компанијата
- Активно ги следи и анализира трендовите во индустријата и современите практики за комуникации

Изборот на кандидатите ќе се направи по јасно утврдени критериуми, по пат на тестирање и интервјуирање на кандидатите.

Ако сте заинтересирани и верувате дека ги исполнувате потребните услови, може да аплицирате на следниот ЛИНК најдоцна до 10.08.202**3** година.